ОПШТИНСКИ
# ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр.19 Мај - Јуни 2021

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk



## Италијанскиот и словенечкиот амбасадор во посета на Крива Паланка

По повод одбележувањето на Денот на Европа, амбасадорот на Италија, Н.Е. Андреа Силвестри и амбасадорот на Словенија, Н.Е. Милан Предан, ја посетија Општина Крива Паланка и остварија средба со градоначалникот Борјанчо Мицевски. На средбата се разговараше за досегашната соработка и поддршката која ја добива општината од Европската Унија, како и за отварњето на други можности за унапредување и развој на конкретни иницијативи за соработка и во други области од значење на локалната заедница.

При посетата на EU House се одржа и онлајн дебата на амбасадорите со средношколците од СОУ „Ѓорче Петров“ .

## Општина Крива Паланка доби 4,1 милиони денари за реконструкција на Центарот за култура

*Со 4.125.460 денари, кои Општина Крива Паланка ги доби преку програмата за рамномерен регионален развој ќе се реконструира и уредува внатрешноста на НУ Центар за култура.*



Проектот опфаќа активности за санација и опремување на кино салата, галерискиот простор, гардеробите и тоалетите, и поставување на нов систем за осветлување. Во рамки на проектот ќе биде вграден нов плафон како и нов систем за греење и ладење, со што значително ќе се подобри енергетската ефикасност на објектот.




## Во Крива Паланка доделени признание за најуспешен просветен работник и признанија за ученик на генерацијата во учебната 2020/21

*По повод Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј, во општина Крива Паланка беа доделени признание за најуспешен просветен работник во основно и средно образование во учебна 2020/2021 година, како и признанијата за најуспешни ученици во општинските образовни институции.*

Признание за најуспешен предметен наставник во основно и средно образование во учебна 2020/2021 година и беше доделено на **Снежана Златковска**, наставник по математика од ООУ„Илинден“.

Признание за најдобар ученик за 2020/21 година им беа доделени на учениците: **Теодора Митковска**, ученик од деветто одделение од ООУ„ Илинден“, **Сара Стефановска**, ученик од деветто одделение од ООУ „Јоаким Крчовски“ и **Глорија Стојковска**, ученик од четврта година во СОУ „Ѓорче Петров“.



## Започнува изградбата на улица Вршачка

*Општина Крива Паланка преку ТАВ програмата за подобрување на инфраструктурата во општините, доби средства за изградба на улица Вршачка.*

Со инвестиција од околу 10 милиони денари се решава долгогодишниот проблем на жителите од овој дел на општината, се олеснува пристапот до домовите и гравитацијата кон централното градско подрачје.



## Продолжува уредувањето на минор коритото на Крива Река кон спортскиот комплекс

Општина Крива Паланка продолжува со уредување на централното градско подрачје. Во тек се градежни активности за регулација на минор коритото на Крива Река, дел 3 кон Осички мост, во должина од 200 метри. Изведувач на работите е Лабино Трејд ДООЕЛ од Гостивар.

***Проектот се реализира со грант во висина од 3.990.675 денари, обезбедени од Министерство за животна средина и од сопствени извори.***



## Изградба на потпорен ѕид на улица „Баглачка“

*Во тек е изградба на потпорен зид на улица „Баглачка“ –фаза 2 во должина од околу 50-тина метри и просечна висина од околу 4,5 метри, финансиран со средства од буџетот на општина Крива Паланка.*



## Се гради потпорен ѕид на улица „Никола Тесла“

Општина Крива Паланка започна со изградба на потпорен ѕид на дел од улица „Никола Тесла“ –лев крак. Потпорниот ѕид ќе биде со должина од 30-тина метри и просечна висина од 4,5 метри.

Со неговата изградба се решава долгогодишниот проблем на жителите од овој дел на градот и се надминува опасноста која постоеше за околните индивидуални куќи.

***Вредноста на инвестицијата е 2,5 милиони денари, обезбедни од буџетот на Општина Крива Паланка.***

## Во Крива Паланка се поставува ново енергетски ефикасно осветлување

*Во општина Крива Паланка започна промената на јавното осветлување со енергетски ефикасно ЛЕД осветлување, кое треба да ја намали потрошувачката на електрична енергија за 80%.*



Општината ќе се добие поквалитетно осветлување, а ќе се намалат и дефектите на мрежата, бидејќи работниот век на новото осветлување е 100.000 работни часа или околу 20 години. Договорот за имплментација на проектот е потпишан со Македонски Телеком АД Скопје, а подизведувач на работите е Електроизградба ДООЕЛ Скопје.



## ЈП „Комуналец” доби 192 контејнери

*Во рамки на проектот за регионално управување со смет, ЈП „Комуналец“ доби 192 метални контејнери за смет со зафатнина од 1,1 кубен метар.*

Со овие садови е планирано да се покријат сите градски и приградски населби, а дел од нив ќе бидат распоредени и долж коридорот 8.



## Во акцијата „Генералка викенд“ расчистени 34 локации

Во акција „Генералка викенд-Чисто како дома исто“, целосно се расчистени 34 локации и собрани се огромни количини отпад. Во една од најмасовните еколошки акции спроведени во општина Крива Паланка учествуваа над 300 граѓани.

Акцијата ја организира Man and Mountain во соработка со Општината.



## Крива Паланка го креира развојот со вклучување на родово-одговорни политики

*Новата стратегија за развој 2021-2026 година на општина Крива Паланка ќе ги вклучува родово одговорните аспекти, преку инклузивен процес на креирање на поефикасни локални политики.*

Овој стратешки документ е во фаза на изработка, одржани се две работилница на кои беа дефинирани главните стратешки цели и приоритети. Од досегашните анализи идентификувани се над 50 силни страни, повеќе од 55 што можат да се подобрат и над 30 можности за иден и континуиран развој.

**Главната визија е Крива Паланка да биде препознаена како стратешко место на транспортниот коридор 8, со стабилна економија и развиена инфраструктура за подобар квалитет на животот на граѓаните.**



## Модерен музеј - Европски град

### Проект за реконструкција на ЛУ Градски музеј

ЛУ Градски музеј и Општина Крива Паланка започнуваат со реализација на проектот **„Модерен музеј – европски град“** којшто е одобрен за финансирање од Бирото за регионален развој , со средства во висина од 1.593.000 денари.

Проектот предвидува санацијата на фасадата од западната и источната страна на музејот и подобрување на енергетската ефикасност преку комплетирање на системот за централно греење и користење на енергетски ефикасни суровини и обновливи извори на енергија.

Со проектните активности се заокружува процесот на реновирање и адаптација, а се подобрува и визуелниот впечаток на зградата на музејот како уредена, модерна и напредна установа која се грижи за културното наследство на градот.



## Крива Паланка ќе добие возило за одржување на патиштата во зимски услови

Преку Бирото за регионален развој, во рамки на програмата за намалување на диспаритети помеѓу планските региони, Општина Крива Паланка доби грант од 3.075.000 денари за набавка на возило за одржување на патиштата во зимски услови.




## Обновена сообраќајната сигнализација во Крива Паланка

Општина Крива Паланка изврши замена и поставување на нова вертикална сообраќајна сигнализација на улицата Свети Јоаким Осоговски и на останатите улици во градот опфатени со Основниот сообраќаен проект.

Напоредно на тоа извршена е и обнова на хоризонталната сигнализација, за зголемување на безбедноста во сообраќајот.

## Општина Крива Паланка на високата 3-та позиција според индексот на активна транспарентност

Активната транспарентност на Општина Крива Паланка во 2021 година изнесува 95,7 % (од можни 100 %) со што општината се наоѓа во групата институции со „многу добра“ активна транспарентност (исполнување на обврските од 80 % до 100 %). Со овие бодови, општината се наоѓа на високата 3-та позиција од вкупно 98 рангирани институции.

Резултатите за активната транспарентност се претставени на www.aktivnatransparentnost.mk со преглед на сите опфатени институции.

**Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност 2021**

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| МНОГУ ДОБРА | | |
| 1 | Министерство за одбрана | 100,0 % |
| 1 | Карпош | 100,0 % |
| 3 | Крива Паланка | 95,7 % |
| 4 | Министерство за финансии | 94,4 % |
| 5 | Валандово | 94,3 % |
| 6 | Влада на РСМ | 93,5 % |
| 7 | Велес | 93,1 % |
| 7 | Кочани | 93,1 % |
| 9 | Демир Хисар | 93,0 % |
| 10 | МОН | 91,7 % |
| 11 | Битола | 91,4 % |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| 51 | Ново Село | 67,1 % |
| 51 | Тетово | 67,1 % |
| 53 | Могила | 66,7 % |
| 54 | Желино | 65,2 % |
| 55 | МНР | 64,6 % |
| 56 | Прилеп | 64,3 % |
| 57 | Гостивар | 63,9 % |
| 58 | Чешиново-Облешево | 63,8 % |
| 59 | Кратово | 62,9 % |
| 60 | Босилово | 62,3 % |
| 61 | Ресен | 61,4 % |
| ПРОСЕЧНА | | |



## Промовирано капитално дело за образованието и просветата во Крива Паланка од д-р Јордан Михајловски

Во прекрасниот амбиент на манстирот „Св. Јоаким Осоговски“ свечено е промовирана книгата „**Историја на образованието и просветата во Крива Паланка**“ од д-р Јордан Михајловски, истакнат културен деец и публицист од Крива Паланка.
Во ова капитално дело се собрани цели 180 години од почетокот на образованието во Крива Паланка, па се до современите текови и образовни процеси.
Делото е резултат на 20-годишен труд и истражување на Михајловски, а издавач е Општина Крива Паланка.





## Промовирано делото „Топонимијата во Кривопаланечко“ од д-р Весна Миовска

*Во Крива Паланка свечено беше промовирана книгата „Топонимијата во Кривопаланечко “ од д-р Весна Миовска, научен соработник во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ од Скопје.*
Трудот претставува капитално монографско дело за топономијата на нашиот регион – Кривопаланечко (пор: Славиште). Издавањето на книгата е реализирано во заедничка соработка помеѓу Општина Крива Паланка, Градскиот музеј во Крива Паланка и Институтот за македонски јазик.



## Градоначалникот Мицевски оствари средба со Натали Велеска од „ArchX Studio“, победници на Креативниот Бизнис Куп

*Градоначалникот Борјанчо Мицевски оствари средба со Натали Велеска, претставник на ArchX Studio, кое со победа на Креативниот Бизнис Куп оствари пласман на меѓународната конференција BRIGHT Копенхаген 2021 како претставник на РС Македонија.*
Станува збор за проектот за EnergyBOX – outdoor work hub. Концептот е катче за работа кое може да се постави на јавна површина, со интернет конекција и приклучок за електронски уреди. EnergyBOX е енергетски ефикасен (работи на соларна енергија), лесно пристапен за лица со хендикеп, модуларен, лесно-монтажен и достапен и со софтверска инфраструктура. Со ова решение се оплеменуваат јавните простори и се оди во насока на паметни градови.






## Општина Крива Паланка назначи службеник за млади

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, **Даниела Милошевска** е назначена за службеник за млади во Општина Крива Паланка. Службеникот е лице за контакт и полесна комуникација со младите околу прашањата што ги засегаат, а се во врска со работата на локалната самоуправа.

Младите ќе можат да комуницираат со службеникот преку **dmiloshevska@krivapalanka.gov.mk.**